**КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА АД С К О П Ј Е**
***Кеј „Димитар Влахов“ број 4, 1000 Скопје***

Врз основа на Решението од Комисијата за хартии од вредност број 07-2893/7 од 25.09.2008 година, Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции број 02-1610-12888 од 25.03.2008 година, Одлуката за определување на бројот на акции и цената на акциите од V-та емисија издадени од Комерцијална банка АД Скопје, број 02-1610-26793 од 26.06.2008 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции број 02-1610-37209 од 24.09.2008 година

О Б Ј А В У В А

# П Р О С П Е К Т

## *За зголемување на почетниот капитал на Банката по пат на јавна понуда*

Комисијата за хартии од вредност не одговара за вистинитоста и потполноста на податоците наведени во Проспектот за запишување и уплата на хартии од вредност, ниту за способноста на издавачот на хартиите од вредност да ги исполни обврските од хартиите од вредност кои ги издава.

# С О Д Р Ж И Н А


**1. ОДГОВОРНИ ЛИЦА ... 4**

1.1. Податоци за лицата одговорни за информациите содржани во Проспектот ... 4
1.2. Изјава од сите горенаведени одговорни лица ... 4

**2. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНИОТ УЧЕСНИК НА ПАЗАРОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ КОЈ ГО ИЗГОТВИЛ ПРОСПЕКТОТ ... 4**

**3. ПОДАТОЦИ ЗА РЕВИЗОРИТЕ ... 5**

3.1. Назив и седиште на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на друштвото во последните три години ... 5
3.2. Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години ... 5

**4. ФАКТОРИ НА РИЗИК ... 5**

4.1. Податоци за факторите на ризик специфични за издавачот и за индустриската гранка на која и припаѓа ... 5
4.2. Податоци за фактори на ризик кои се од материјално значење за акциите кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие акции ... 6

**5. ПОДАТОЦИ ЗА ИЗДАВАЧОТ ... 13**

5.1. Податоци за историјата и развојот на издавачот ... 13

**6. ДЕЛОВЕН ПРЕГЛЕД ... 14**

6.1. Основни дејности ... 14
6.2. Пазари на кои издавачот работи ... 18

**7.ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА ... 19**

7.1. Позицијата на Издавачот во група или посложен деловен систем ... 19

**8. ТРЕНДОВИ ... 19**

**9. ПРОГНОЗИРАЊЕ НА ПРОФИТОТ ... 20**

**10. ОРГАНИ НА ИЗДАВАЧОТ ... 21**

**11. ВРАБОТЕНИ ... 35**

**12. ГОЛЕМИ АКЦИОНЕРИ ... 36**

**13. ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ ... 36**

13.1. Финансиски извештаи ... 36
13.2. Ревизија на годишните финансиски извештаи ... 36
13.3. Периодични и други финансиски информации ... 36
13.4. Дивидендна политика ... 37
13.5. Правни постапки ... 37
13.6. Значајни промени во финансиската или трговската положба на издавачот ... 37

**14. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ ... 38**

14.1. Податоци за капиталот на издавачот ... 38
14.2. Релативни показатели за работењето на издавачот на денот на последните финансиски извештаи презентирани во проспектот: ... 39
14.3. Вкупен платен промет спрема странство за последните две години: ... 43
14.4. Движење на ликвидноста: покриеност на обврските на Банката со високо ликвидна актива (парични средства и хартии од вредност издадени од НБРМ и од Република Македонија) ... 43
14.5. Статут на издавачот и основачки акти ... 43

**15. ДОГОВОРИ ОД СУШТИНСКО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ИЗДАВАЧОТ ... 46**

**16. ИНФОРМАЦИИ ДОБИЕНИ ОД ТРЕТИ ЛИЦА И ИЗВЕШТАИ ОД ЕКСПЕРТИ И ИЗЈАВА ЗА БИЛО КАКОВ ИНТЕРЕС ... 46**

**17.ПОДАТОЦИ ЗА ПОНУДАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ... 47**

17.1. ПРИЧИНИ ЗА ПОНУДАТА И НАМЕНА НА СРЕДСТВАТА ШТО ЌЕ СЕ ПРИБЕРАТ СО ПОНУДАТА ...... 47
17.2 ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ...... 49
17.3. ПОДАТОЦИТЕ ЗА СОПСТВЕНИЧКИТЕ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ...... 51
**18. РОКОВИ И УСЛОВИ НА ПОНУДАТА ...... 51**
18.1. ЦЕНА НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ...... 51
18.2. УСЛОВИ, РОКОВИ И ПОТРЕБНИ ДЕЈСТВИЈА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПРЕДМЕТ НА ПОНУДАТА ...... 52
18.3. ПЛАСМАН НА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ ...... 55
**19. ПРИЕМ НА КОТАЦИЈА ...... 55**
**20. ПОДАТОЦИ ЗА ГАРАНТ ...... 56**
**21. ДОКУМЕНТИ НА РАСПОЛАГАЊЕ ...... 56**
21.1. ИЗЈАВА ЗА ДОСТАПНОСТ НА ДОКУМЕНТИТЕ ...... 56
21.2. ПОДАТОК ЗА МЕСТОТО КАДЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ УВИД ВО ДОКУМЕНТИТЕ ...... 56

**Прилози:**
**Ревидирани финансиски извештаи за 2005, 2006 и 2007 година**
**Неревидиран биланс на состојба и успех на 30.06.2008 година**

## 1. Одговорни лица

### 1.1. Податоци за лицата одговорни за информациите содржани во Проспектот

**Членови на Управниот одбор на Комерцијална Банка АД Скопје:**

1. Маја Стевкова Штериева – Главен финансов директор
2. Илија Илоски – Главен оперативен директор
3. Хари Костов – Главен извршен директор

**Членови на Надзорниот одбор на Комерцијална Банка АД Скопје:**

1. Сава Димитрова – Претседател
2. Таки Фити – Заменик-претседател
3. Алеко Ангеловски – Член
4. Симон Наумоски – Член
5. Звоне Таљат – Член
6. Мајкл Херолд Тејлор – Член

### 1.2. Изјава од сите горенаведени одговорни лица

„Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на инвеститорот да донесе правилна одлука за инвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на оваа понуда, дека објавените податоци се вистинити и се во согласност со фактичката состојба на Друштвото и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката за инвестирање или неинвестирање во хартиите од вредност кои се предмет на понудата.“

## 2. Податоци за овластениот учесник на пазарот на хартии од вредност кој го изготвил проспектот

Комерцијална банка АД Скопје
Кеј „Димитар Влахов“ број 4, 1000 Скопје, Р. Македонија
(во понатамошниот текст: Банката или Издавачот)

## 3. Податоци за ревизорите

### 3.1. Назив и седиште на друштвата за ревизија кои вршеле ревизија на финансиските извештаи на Друштвото во последните три години

- Price Waterhouse Coopers DOOEL, ул. „Маршал Тито“ 12, Палата Македонија, 1000 Скопје, Република Македонија, за 2006 и 2007 година.
- КПМГ Македонија ДОО, ул. „Даме Груев“ бр. 28, 1000 Скопје, Република Македонија, за 2005 година.

### 3.2. Податоци за причините поради кои дошло до промена на друштвото за ревизија во текот на последните три години

Промена на друштвото за ревизија е извршена согласно член 72 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Р. Македонија” бр. 63/2000, 37/2002, 51/2003 и 85/2003), според кој „Исто друштво за ревизија може да изврши најмногу три последувателни ревизии во истата банка“.

## 4. Фактори на ризик

### 4.1. Податоци за факторите на ризик специфични за Издавачот и за индустриската гранка на која ѝ припаѓа

Во своето работење Банката е изложена на најразлични ризици, поради што основна цел на Банката е адекватно управување со истите. Напорите да се одржи адекватна рамнотежа помеѓу прифатливо ниво на ризик, од една, и стабилност и профитабилност во работењето, од друга страна, се постојани.
Најзначајни видови на ризици за Банката се:

- **кредитен ризик** (ризик дека комитентот нема да биде во можност делумно или во целост да ги подмири обврските во рок кога тие доспеваат);
- **ликвидносен ризик** (ризик дека Банката нема да биде во можност да ги исполни своите обврски за плаќање поврзани со доспевањето на финансиските обврски и замена на изворите кога тие ќе бидат повлечени);
- **пазарен ризик** (ризик кој произлегува од општи и специфични пазарни движења). Истиот ги вклучува девизниот, каматниот и ценовниот ризик; и
- **оперативен ризик** (ризик од загуби како резултат на неадекватни или неуспешни внатрешни процеси, луѓе и системи или од надворешни настани. Истиот го вклучува и законскиот (правниот) ризик.

Според политиките на Банката за управување со ризикот, кои вклучуваат сет соодветни лимити и контроли на ризикот, се идентификуваат одредени ризици, постојано се врши мониторинг на постоечките ризици, како и секојдневна анализа на истите.

Може да се каже дека горенаведените видови ризици се карактеристични за целиот банкарски систем во Република Македонија.

## 4.2. Податоци за фактори на ризик кои се од материјално значење за акциите кои се предмет на понудата со цел да се процени пазарниот ризик поврзан со тие акции

### 4.2.1. Кредитен ризик

Кредитниот ризик е најзначајниот ризик во работењето на Банката, поради што Банката посветува значајно внимание на управувањето со овој вид ризик. Изложеноста на кредитен ризик, главно, произлегува од активностите на кредитирање, а во помала мера и инвестирање во останати финансиски инструменти.

#### *4.2.1.1. Управување со кредитниот ризик*

Управувањето со кредитниот ризик е во надлежност на органите на Банката согласно Законот за банки и подзаконските акти.

#### *4.2.1.2. Оценка на кредитниот ризик*

(а) Кредити
При проценка на кредитниот ризик од одобрување на кредити на население, правни лица и банки, Банката користи три компоненти: (1) веројатноста дека должникот нема уредно да ги исполни своите обврски (очекуваниот паричен тек); (2) проценка на загубата во моментот на настанување на неуредност во извршување на обврските; (3) вредноста и квалитетот на колатералот за покривање на изложеноста.
Овие процени на кредитниот ризик, кои ја рефлектираат очекуваната загуба и се пропишуваат од МСС 39, се базираат на загубите што се вклучени во Билансот на состојба, наместо на очекуваните загуби и на информацијата на која Банката се потпира за секторот во кој работи клиентот.

(б) Должнички хартии од вредност
Банката се стреми кон одржување на прифатливо ниво на изложеност на кредитен ризик во поглед на должничките хартии од вредност, па затоа инвестиционите активности се главно во државни должнички хартии од вредност.

#### *4.2.1.3. Контрола на лимитите за ризична изложеност и политики за заштита од ризик*

Банката управува и ја контролира концентрацијата на кредитниот ризик по индивидуална и групна основа, како и по сектори и земји.
Банката го структурира нивото на преземен кредитен ризик преку поставување на лимити за висината на прифатлив ризик по позајмувач, или група на позајмувачи, како и по географски и секторски сегменти.

Таквите ризици се надгледувани постојано и се предмет на годишен или пофрекфентен преглед.
Управување со изложеноста на кредитен ризик е овозможено преку редовна анализа на способноста на кредитокорисниците и потенцијалните кредитокорисници за исполнување на нивните обврски кон Банката и со промена на кредитните лимити, онаму каде што тоа е потребно.
Како мерки за специфична контрола и намалување на кредитниот ризик, пропишани во интерните акти на Банката за регулирање на кредитните активности и процедури, се вклучени колатералот и потенцијалните обврски.

#### *4.2.1.4. Политики за оштетување и исправка на вредноста*

Банката има воспоставено исправка на вредноста што претставува проценка на појавените загуби во нејзиното кредитно портфолио. Главни компоненти за оваа исправка на вредноста претставуваат специфичната компонента на исправка на вредноста кај поединечно значајните изложености, и групна исправка на вредноста кај групите на истородни средства во однос на загубите кои настанале, но не се идентификувани на поеднинечна основа, преку користење на расположливото историско искуство, искуствена проценка и статистички техники.
Согласно со политиката на банката, постојат пет категории на интерно рангирање. Најголем дел од исправката на вредноста произлегува од последните две категории. Табелата дадена подолу ја покажува структурата на кредитното портфолио согласно интерниот систем за рангирање и соодветните исправки на вредноста за секоја поединечна категорија, и од неа може да се види квалитетот на портфолиото. Истата е изработена согласно барањата на Меѓународен сметководствен стандард 39 (МСС 39).

| | **2007** | | **2006** | |
|---|---|---|---|---|
| **Ризични категории** | **Кредити %** | **Исправка на вредност %** | **Кредити %** | **Исправка на вредност %** |
| Преодни (А) | 73,5 | 1,0 | 72,9 | 0,8 |
| Внимавај (Б) | 10,2 | 10,0 | 9,3 | 10,0 |
| Суб-стандардни (В) | 6,2 | 25,0 | 3,1 | 24,9 |
| Сомнителни+Загуба (Г)+(Д) | 10,1 | 85,3 | 14,6 | 82,2 |
| **Вкупно** | **100,0** | **11,9** | **100,0** | **14,3** |

#### *4.2.1.5. Кредити*

Збирен преглед на кредити и на пласмани во, и кредити на други банки

(во 000 мкд)

| | 31.12.2007 | | 31.12.2006 | |
|---|---|---|---|---|
| | Кредити на клиенти | Пласмани во, и кредити на други банки | Кредити на клиенти | Пласмани во, и кредити на други банки |
| Недоспеани кредити, без исправка на вредност | 10.986.630 | 13.653.705 | 6.368.346 | 17.337.237 |
| Доспеани кредити, без исправка на вредност | 2.804.981 | - | 1.619.293 | - |
| Кредити за кои е направена исправка на вредноста | 14.206.243 | 181.731 | 12.452.803 | - |
| **Бруто** | **27.997.854** | **13.835.436** | **20.440.442** | **17.337.237** |
| Исправка на вредноста | (3.329.598) | (1.818) | (2.920.746) | - |
| **Нето** | **24.668.256** | **13.833.618** | **17.519.696** | **17.337.237** |

### 4.2.1.6. *Должнички хартии од вредност, благајнички записи и други хартии од вредност*

Анализа на должничките хартии од вредност, благајнички записи, и други хартии од вредност според издавач на 31 декември 2007

(во 000 мкд)

| Издавач | Благајнички записи | Државни записи и обврзници за тргување | Државни обврзници до достасување | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Народна Банка на Република Македонија | 3.191.943 | - | - | 3.191.943 |
| Република Македонија | - | 923.979 | 228.544 | 1.152.523 |
| **Вкупно** | **3.191.943** | **923.979** | **228.544** | **4.344.466** |

### 4.2.1.7. *Концентрација на ризици на финансиските средства со кредитна ризична изложеност*

(а) *Географски сектори*

Анализа на кредитната изложеност на Банката по нето вредност, категоризирана според географски региони, базирана на земјата на потекло на кредитните должници:

*(во 000 мкд)*

| | Вкупно | Република Македонија | Земји во Европска Унија | Земји надвор од Европска Унија | Други земји |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно средства на 31 декември 2007** | 51.361.529 | 36.603.405 | 11.368.435 | 3.222.507 | 167.182 |
| **Вкупно средства на 31 декември 2006** | 42.183.781 | 24.065.032 | 15.631.698 | 1.616.901 | 870.150 |

*(б) Секторска структура*

Анализа на кредитната изложеност по нето вредност, категоризирана според секторската структура на кредитниот должник:

(во 000 мкд)

| | Вкупно | Индустрија | Трговија и финансии | Население | Земјоделство | Владини институции и локални власти | Градежништво | Транспорт | Угостителство и туризам | Друго |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно средства на 31 декември 2007 | 51.361.529 | 6.952.576 | 24.518.109 | 5.332.278 | 678.274 | 814.651 | 2.597.367 | 1.346.016 | 165.737 | 8.956.521 |
| Вкупно средства на 31 декември 2006 | 42.183.781 | 6.807.226 | 21.971.459 | 4.292.007 | 957.336 | 187.82 | 1.574.022 | 1.540.288 | 165.348 | 4.688.275 |

## 4.2.2. Ликвидносниот ризик

### 4.2.2.1. *Процеси на управување со ликвидносниот ризик*

Во Политиката за управување со ликвидносниот ризик на Комерцијална банка АД Скопје е дефиниран начинот на управување со ликвидноста на Банката. Согледувањето и следењето на ликвидноста на Банката е предуслов за нејзино стабилно и успешно работење. Спроведувањето на утврдената политика на ликвидност се врши преку дефиниран процес на управување со ризикот, кој вклучува планирање и управување со паричните текови, одржување на адекватна структура на средствата и обврските, дефинирање на финансиските инструменти кои се користат за управување со ризикот на ликвидноста, адекватна диверзификација на депозитите и другите обврски по доспеаност и клиент, процедури за идентификација и следење на стабилноста на депозитите, следење на доспеаноста на средствата и обврските, следење на вонбилансните позиции, следење на показателите на ликвидност, тестирање на ликвидноста преку стрес сценарија и план за несекојдневни услови, известување на одговорното тело во Банката и адекватен информационен менаџмент систем и обврски на организационите единици на Банката во процесите на управување со ликвидносниот ризик. Цел на Банката е да ја максимизира профитабилноста, преку применување на оптимална комбинација на рочноста и валутната структурата на средствата и обврските.

Подолу прикажаната табела ги анализира средствата и обврските на Банката, според рочната структура, така што се прикажани останатите обврски според рокот на достасување на денот на билансот на состојба, како и очекуваниот рок на достасување на средствата. Иако Банката има помалку краткорочни средства, кои доспеваат во интервал до еден месец, од еден до три месеци и од три до дванаесет месеци, отколку краткорочни обврски, раководството на Банката смета дека нејзината депозитна база е стабилна и ликвидноста не е загрозена. Ова се базира на статистички податоци и пресметки на очекуваната рочност со цел да се одреди финансирањето и стабилноста на депозитната база.

### 4.2.2.2. *Доспеаност на средствата и обврските*

(во 000 мкд)

| Состојба на 31 декември 2007 | До 1 месец | 1-3 месеци | 3-12 месеци | 1-5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно обврски | 30.580.689 | 6.969.335 | 8.716.743 | 1.286.756 | 246.511 | 47.800.034 |
| Вкупни средства | 23.231.406 | 5.461.710 | 7.042.537 | 11.017.166 | 6.256.337 | 53.009.157 |

(во 000 мкд)

| Состојба на 31 декември 2006 | До 1 месец | 1-3 месеци | 3-12 месеци | 1-5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно обврски | 27.119.931 | 5.356.591 | 5.505.234 | 1.355.112 | 164.443 | 39.501.311 |
| Вкупни средства | 23.585.701 | 3.072.712 | 5.863.237 | 7.469.281 | 4.337.341 | 44.328.271 |

### 4.2.2.3. *Вонбилансна евиденција (без колатерал)*

(во 000 мкд)

| 31.12.2007 | До една година | 1-5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Гаранции | 5.566.423 | 2.149.425 | 533.53 | 8.249.378 |
| Акредитиви | 901.648 | - | - | 901.648 |
| Останато | 2.750.949 | - | - | 2.750.949 |
| **Вкупно** | **9.219.020** | **2.149.425** | **533.53** | **11.901.975** |

(во 000 мкд)

| 31.12.2006 | До една година | 1-5 години | Над 5 години | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Гаранции | 3.530.462 | 1.236.074 | - | 4.766.536 |
| Акредитиви | 1.026.543 | - | - | 1.026.543 |
| Останато | 1.514.986 | 5.317 | - | 1.520.303 |
| **Вкупно** | **6.071.991** | **1.241.391** | **-** | **7.313.382** |

### 4.2.3. Пазарен ризик

Банката е изложена на пазарен ризик. Пазарниот ризик произлегува од отворените позиции на каматните стапки и валутите кои се изложени на општи и специфични пазарни движења. Банката го проценува пазарниот ризик на сопствените позиции, како и најголемата очекувана загуба врз основа на одредени претпоставки за промени на пазарните услови. Управниот Одбор поставува прифатлив лимит за висина на ризикот, кој се контролира на редовна основа.
Што се однесува до управувањето и мерењето на пазарниот ризик, раководството на Банката преку адекватна анализа и процеси на известување, на редовна основа ги следи:

- промените на каматните стапки како резултат на пазарни движења и интерни одлуки, и влијанието на истите врз каматоносните средства и обврски и каматната маржа
- промените во девизните курсеви во поглед на средствата и обврските изразени во странска валута и одржувањето на адекватна структура во поглед на изложеноста на девизниот ризик

Целта на Банката е максимизирање на стабилноста и профитабилноста преку применување на оптимална комбинација на девизната структура и каматна стапка на средствата и обврските.

#### *4.2.3.1. Девизен ризик*

Банката е изложена на ефектите од флуктуација на девизните курсеви кои имаат влијание на финансискиот резултат и паричниот тек на Банката.

##### *4.2.3.1.1. Изложеност на банката на девизен ризик*

Табелата која следува ја прикажува изложеноста на Банката по странски валути. Средствата и обврските се прикажани по нивната книговодствена вредност, категоризирани по видови валути.

(во 000 мкд)

| Состојба на 31 декември 2007 | ЕУР | УСД | МКД | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна актива | 22.392.656 | 2.761.131 | 26.185.455 | 1.610.672 | 52.949.914 |
| Вкупно обврски | 21.035.942 | 2.785.585 | 23.013.155 | 849.694 | 47.684.376 |
| Нето изложеност 2007 | 1.356.714 | -24.454 | 3.172.300 | 760.978 | 5.265.538 |
| Вонбилансни обврски | 4.011.597 | 598.263 | 6.963.244 | 328.871 | 11.901.975 |

(во 000 мкд)

| Состојба на 31 декември 2006 | ЕУР | УСД | МКД | Останати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна актива | 19.630.343 | 3.391.541 | 19.284.242 | 1.457.538 | 43.763.664 |
| Вкупна пасива | 18.395.651 | 3.382.273 | 16.813.191 | 787.197 | 39.378.312 |
| Нето изложеност 2006 | 1.234.692 | 9.268 | 2.471.051 | 670.341 | 4.385.352 |
| Вонбилансни обврски | 2.319.319 | 646.105 | 4.144.919 | 203.039 | 7.313.381 |

Управувањето со девизниот ризик Банката го остварува преку прилагодување на отворената девизна позиција, и тоа вкупната отворена девизна позиција, која е таргетирана преку интерните акти на Банката, во зависност од вкупната ризична позиција по сите видови ризици, и одделно по валути, во зависност од промените на курсот. Банката управува со отворената девизна позиција преку нејзино намалување, односно зголемување во зависност од пазарните промени.

#### 4.2.3.2. *Анализа на каматен ризик*

Банката е изложена на ризик од променливост на каматните стапки како резултат на тоа што каматоносните средства (вклучувајќи ги и вложувањата) и каматоносните обврски достасуваат или нивната каматна стапка се менува во различен период или во различни износи. Во случај на средства и обврски со променливи каматни стапки, Банката е исто така изложена на основниот ризик, кој произлегува од различниот начин на менување на променливите каматни стапки, како што се, на пример, каматната стапка на штедните влогови на населението, три или шестмесечен EURIBOR или LIBOR и различни видови камати. Активностите за управување со ризикот се наменети за оптимизирање на нето-приходите од камати, со пазарни каматни стапки кои се конзистентни со деловните стратегии на Банката. Активностите за управување со средствата и обврските се спроведуваат од аспект на реагирање на сензитивноста на Банката на промените на каматните стапки. Генерално, Банката е чувствителна на промените на средствата, бидејќи за најголемиот дел на каматоносните средства и обврски Банката го задржува правото за истовремено менување на каматните стапки. Во услови кога се намалуваат каматните стапки, ќе се намалат и каматните маргини како резултат на тоа што каматните стапки на обврските ќе се намалат со понизок процент во споредба со каматните стапки на средствата. Како и да е, крајниот ефект ќе зависи од различни фактори, вклучувајќи ја стабилноста на економијата, опкружувањето и стапката на инфлација.

(во 000 мкд)

| Состојба на 31 декември 2007 | До 1 месец | 1-3 месеци | 3-12 месеци | 1-5 години | Над 5 години | Не каматоносни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна актива | 26.736.293 | 8.230.731 | 7.447.868 | 2.439.061 | 740.782 | 7.355.179 | 52.949.914 |
| Вкупна пасива | 29.396.045 | 6.778.401 | 8.530.461 | 658.09 | 29.2 | 2.292.179 | 47.684.376 |
| Нето каматен ризик 2007 | (2.659.752) | 1.452.330 | (1.082.593) | 1.780.971 | 711.582 | 5.063.000 | 5.265.538 |

(во 000 мкд)

| Состојба на 31 декември 2006 | До 1 месец | 1-3 месеци | 3-12 месеци | 1-5 години | над 5 години | Некаматоносни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупна актива | 25.129.201 | 3.990.828 | 8.473.993 | 664.692 | 25.869 | 5.479.080 | 43.763.994 |
| Вкупна пасива | 24.886.067 | 5.456.162 | 5.351.742 | 550.369 | | 3.133.972 | 39.378.312 |
| Нето каматен ризик | 243.134 | (1.465.334) | 3.122.251 | 114.322 | 25.869 | 2.345.108 | 4.385.352 |

*4.2.3.3. Ценовен ризик*

Банката континуирано го следи овој вид ризик. Предмет на анализа и следење е почитувањето на лимитите дефинирани во соодветната политика кои се однесуваат на инвестирањето во хартии од вредност, и тоа:

- законските лимити;
- структурата на портфолиото на хартии од вредност; и
- портфолиото на хартии од вредност од аспект на евиденцијата по проценета вредност и ефектите при евентуална реализација на истите.

Притоа, основна цел е воспоставување и почитување на правила за управување со инвестициското портфолио на Банката, со едновремено почитување на принципите на банкарското работење, сигурност на инвестираните средства, регулирање и одржување на ликвидноста на Банката и профитабилноста, диверзификација на ризиците и сл.
Поради релативно малото учество на портфолиото на хартии од вредност во однос на вкупното портфолио на Банката, а имајќи ја предвид неговата структура во која доминираат државните хартии од вредност, овој вид ризик нема значително влијание на ризичниот профил на Банката.

#### 4.2.4. Оперативен ризик

Банката во секојдневното работење континуирано ги следи, евидентира и анализира настаните кои предизвикале штета или претставуваат потенцијален оперативен ризик. Во рамките на оперативниот ризик, Банката го следи и репутацискиот ризик. Врз основа на прибраните информации и направените анализи, се преземаат конкретни мерки за санирање на нарушувањата и елиминирање/лимитирање и контрола на ризикот во иднина.

## 5. Податоци за Издавачот

### 5.1. Податоци за историјата и развојот на Издавачот

#### 5.1.1. Полн назив, фирма и седиште на Издавачот (адреса и телефонски број)

Комерцијална банка АД Скопје, со седиште на кеј „Димитар Влахов“ број 4, 1000 Скопје, Р.Македонија, тел. 02 3107-107

#### 5.1.2. Датум на регистрација во трговскиот регистар и матичен број на Друштвото

Број на решението од регистарскиот суд е Срег.бр.2330/89, а решението од трговски регистар е Трег.бр.388/2001.
Решение за издавање дозвола за основање на Комерцијална банка АД Скопје, бр. 221 од 27.12.1989 година од Народна банка на Југославија.
Решение за замена на дозволата за основање и работење на Комерцијална банка АД Скопје, бр. 02-14/627 од 23.12.2003 година.
Решение за усогласенот согласно Одлуката за издавање согласности и Законот за Банки бр.2064 од 24.03.2008 година.
ЕМБС на Комерцијална банка АД Скопје е 4065573.

#### 5.1.3. Датум на основање на Друштвото

Датумот на основање на Банката е 29.12.1989 година.

#### 5.1.4. Правна форма на Друштвото и законите врз основа на кои работи

Комерцијална банка АД Скопје е организирана како акционерско друштво согласно Законот за трговски друштва.
Комерцијална банка АД Скопје работи врз основа на Законот за трговски друштва, Законот за банките, Законот за хартии од вредност и сите други подзаконски акти релевантни за банкарското работење.

## 6. Деловен преглед

### 6.1. Основни дејности

#### 6.1.1. Опис на активностите кои ги врши издавачот во согласност со закон, како и податоци за основните категории на производи и услуги кои се продадени за последните три финансиски години

Банката е овластена да ги врши следните финансиски активности:
- Прибирање на депозити и други повратни извори на средства;
- Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- Издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници),
- Издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон,
- Финансиски лизинг,
- Менувачки работи;

- Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- Брз трансфер на пари;
- Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- Изнајмување сефови, остава и депо;
- Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);
- Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- Тргување со хартии од вредност;
- Тргување со финансиски деривати;
- Управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
- Давање услуги на банка - чувар на имот;
- Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
- Посредување во продажба на полиси за осигурување;
- Посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- Економско-финансиски консалтинг; и
- Други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

Од сите наведени активности, со датумот на поднесување на Проспектот, Банката не ја извршува единствено активноста за финанскиски лизинг. Активностите управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти, давање услуги на банка-чувар на имот, купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност се во постапка на основање.

#### 6.1.2. Податоци за воведувањето на некој нов значаен производ или услуга, односно за отпочнување со нова активност

- Нова, V-та емисија на акции со што би се обезбедила стапка на адекватност на капиталот која ќе соодветствува на планираните кредитни активности;
- Развој на нови функционалности на апликацијата Интернет банка во делот на девизни плаќања, кредитирање и работење со картички;
- Во областа на работењето со банкарски картички, приклучување на Банката кон семејството на Visa International, воведување на чип технологија, имплементација на PCI DSS (Payment Card Industry Data Security Standard), спроведување на проектот Global Authorization Migration, воведување нови функционалности на банкоматите и POS терминалите, имплементација на решение за MasterCard наградната игра, имплементација на решение за праќање на важни информации од системот за работа со платежни картички по СМС;
- Поагресивно ширење на мрежата за прифаќање на картичките, при што во текот на 2008 година Банката планира да набави и инсталира

60 банкомати и 2.500 POS терминали, со цел комплетно покривање на целата територија на Републиката. Планирано е инсталирање на банкомати во сите населени места со над 20.000 жители, банкомат на секои 20.000 жители во поголемите градови, како и инсталирање на банкомати кај правни лица – комитенти на Банката чии вработени земаат плата на платежна картичка. Планираното учество во овој сегмент од работењето е околу 28% од вкупниот промет на сите банкомати во Државата. Дополнително во 2008 година е планирано брендирање на банкоматите (означување на банкоматите со логото на Банката и со логото на брендовите на картичките кои се прифаќаат со поставување на светлечки реклами на местото на банкоматите, со што ќе се обезбеди поголема впечатливост на истите);

- Во доменот на маркетинг комуникациите во текот на 2008 година ќе се организираат кампањи за промоција на производите и услугите со цел истакнување на нивните предности во однос на конкуренцијата, кампања за јакнење на корпоративниот имиџ на Банката, како и агресивна кампања при воведувањето на VISA и MasterCard и Maestro Gold платежните картички, и тоа преку комбинација на повеќе промотивни средства и медиуми, со цел подобро информирање на јавноста за производите и услугите кои ги нуди Банката;
- Реализација на проектот за деловна интелигенција како понапреден модел на менаџмент информативниот систем и системите на известување кон надворешни институции;
- Развивање и извршување на работи од инвестиционото банкарство, и тоа:
  - тргување со сопственички хартии од вредност во име и за сметка на клиенти;
  - тргување со должнички хартии од вредност во име и за сметка на клиенти;
  - тргување со краткорочни и долгорочни државни хартии од вредност во име и за сметка на клиенти;
  - организирање, подготвување и откуп на новоиздадени долгорочни хартии од вредност;
  - инвестициско советување; и
  - раководење со финансиски имот за сметка на клиентите, односно портфолио менаџмент во вистинска смисла по модел на светската пракса за овој вид услуги;
- Вршење на корпоративни услуги кои во прво време ќе бидат насочени кон поголемите клиенти заради нудење услуги за:
  - Советување и организирање на емисија на хартии од вредност на клиенти;
  - Консултантски услуги во областа на купување и спојување на друштва, заеднички вложувања, исплати на дивиденди и слично;
  - Услуги на Банка - чувар на имотот. Во таа насока ќе продолжи со отворање и водење на старателски сметки на инвеститори – нерезиденти во хартии од вредност издадени во Република Македонија, а исто така ќе се прават подготовки и за извршување на депозитни услуги на инвестициски и пензиски

фондови, како и за други видови старателски услуги на домашни и странски инвеститори во хартии од вредност;

- Поддршка на Друштвото за управување со пензиски фонд. Согласно законските прописи кои го регулираат основањето на инвестициони фондови, Банката заедно со Прва покојнинска дружба ДД Љубљана од Република Словенија го основа Друштвото за управување со пензиски фонд – КБ Прво пензиско друштво АД. Друштвото ги инвестира средствата на пензискиот фонд во финансиски инструменти почитувајќи ги одредбите за инвестирање од Законот за капитално финансирано пензиско осигурување, со цел остварување на највисок принос во полза на членовите на пензискиот фонд. После две години постоење, во услови кога е создадена законска рамка КБ Прво пензиско друштво во текот на 2008 година ќе регистрира и ќе отпочне со управување со доброволен пензиски фонд;
- Вложување во нови финансиски институции. Развојот на финансискиот пазар во последните две години, како и заокружувањето на законската регулатива, создаде услови Банката заедно со реномиран странски партнер да основа Друштво за управување со инвестициски фондови КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ АД СКОПЈЕ, со што ќе се вклучи во сегментот на управување со отворени инвестициски фондови;
- Во областа на депозитното работење активностите ќе бидат насочени кон:
  - Континуирано следење на пазарните услови, конкуренцијата и мерките на монетаранта власт, заради прилагодување на нивото на каматни стапки, при тоа ценејќи ги потребите на Банката за финансиски средства и одржување на пазарното учество;
  - Воведување на нов вид на штедни производи: влог со антиципативна исплата на камата, или стимулирање на фамилијарното штедење со цел да се опфати дополнителен дел од населението каде што се чувствува потреба за ваков производ;
- Во рамките на задачите на деловната политика на Банката за 2008 година останува обврската на Банката дека доколку акционерите на Комерцијална банка АД Скопје обезбедат контролен пакет на акции и утврдат соодветни параметри, менаџментот на Банката ќе презема соодветни постапки, мерки и активности за евентуално привлекување на потенцијален странски стратешки инвеститор кој треба да ги исполни условите дефинирани од страна на конзорциумот на акционери на Банката, и тоа:
  - Да претставува банка чие име е реномиран меѓународен бренд;
  - Понудата да ја одразува реалната вредност на акциите на Комерцијална банка; и
  - Да достави стратешки план за идниот развој на Банката.

### 6.2. Пазари на кои издавачот работи

Согласно презентираните податоци во финансиските извештаи, според кредитната изложеност по нето вредност базирана на земјата на потекло на кредитните должници со состојба 31.12.2007 година, Комерцијална банка АД Скопје ги остварува своите активности како што следува: во Република Македонија 71,3%, во земји во Европска Унија 22,1%, земји надвор од Европска Унија 6,3% и други земји 0,3%.

Комерцијална банка АД Скопје во 2008 година ќе ја остварува својата активност во амбиент карактеристичен за целокупната активност во Државата.

Врз основа на Макроекономската политика на Владата на Република Македонија, особен акцент ќе се стави врз интензивирањето на отпочнатите реформи и започнување нови заради забрзување на економскиот раст и развој на земјата, зголемување на вработеноста и подобрување на животниот стандард на населението.

Појдовни претпоставки и цели на Макроекономската политика за 2008 година се: продолжување на дисциплинираната макроекономска политика, создавање на поволно бизнис окружување, зголемување на вработеноста, подобрување на животниот стандард и намалување на сиромаштијата и засилени подготовки на Република Македонија за влез во евроатланските организации.

Проектираната стапка на реален пораст на БДП во 2008 година изнесува 6%, при проектирана релативно ниска стапка на инфлација (мерена преку трошоците на живот) од околу 3%.

Монетарната политика во текот на 2008 година ќе биде насочена кон натамошното одржување на ценовната стабилност, во функција на креирање поволен амбиент за динамичен и одржлив економски развој. Одржувањето на стабилен девизен курс на денарот во однос на еврото, како посредна монетарна цел, се очекува да придонесе за успешно остварување на ниската стапка на инфлација. Во однос на монетарните агрегати, во текот на 2008 година се очекува пораст на примарните пари за 17,4%, додека побарувачката за готови пари се очекува да бележи пораст од 6,8%, што претставува забавена годишна динамика на раст во согласност со очекуваниот развој на безготовинскиот начин на плаќање. Исто така, порастот на салдото на денарските сметки на банките кај НБРМ и готовината во благајна се очекува да изнесува 27,8%, денарските и девизните депозити на приватниот сектор се очекува да забележат пораст од 40,2% и 17,5% соодветно и годишната стапка на пораст на вкупните кредити на приватниот сектор да биде околу 37,2%, со очекувано активно користење на девизните средства на банките во функција на интензивирање на кредитната активност во земјата.

Во текот на 2008 година макроекономските движења упатуваат на краткорочни и среднорочни ризици изразени, пред сè, преку зголемена стапка на инфлација од 10% и можат негативно да делуваат врз исполнувањето на целите на монетарната политика. Во таа насока, НБРМ неколку пати изврши зголемување на каматната стапка на

благајничките записи, и тоа: од 5,08% на 5,25%; од 5,25% на 6% и од 6% на 7%.[1]

## 7. Организациона структура

### 7.1. Позицијата на издавачот во група или во посложен деловен систем

Издавачот не е дел од банкарска група или од посложен деловен систем.

## 8. Трендови

**Најзначајните движења во врска со работењето на издавачот, кои би можеле да имаат суштинско значење за перспективите на издавачот за последната финансиска година и до денот на изготвување на проспектот.**

1. Подобрени услови за кредитирање, во смисла на квалитетни проекти, работењето на извршителите и зголемената кредитна поддршка на клиенти и дејности кои во моментот успешно работат и имаат добра перспектива (металургија, градежништво...). Банката кај корпоративниот сектор бележи тренд на континуиран раст;

- Интензивно ширење на мрежата банкомати и нивно поставување, посебно во оние градови каде Банката не е застапена со своја експозитура или филијала, во секоја новоотворена експозитура, како и во фирмите кои имаа значителен број картички, а во тек е и проект за мрежно поврзување на терминалите инсталирани во неколку поголеми фирми;
- Имплементација и реализација на проектот со Visa International кој во овој период се однесува на: поврзување на компјутерскиот систем на Банката со компјутерскиот систем на Visa International, обезбедување на работните BIN-ови (броеви неопходни за идентификација на Банката со системот на Visa International) за новите VISA производи, дефинирање на VISA работни пакети кои добавувачот на системот за работа со платежни картички треба да ги изработува, off line и on line сертификација со Visa International, одобрување на пластиките до Card Design тимот, процедура за отворање на VISA Settlement сметки за домашно и меѓународно порамнување и сл;

---

[1] Програма на мерки и активности на деловната политика на Банката за 2008 година; и Макроекономска политика и соопштение од НБРМ за зголемување на каматните стапки на благајничките записи.

2. Воведување на нови кредитни производи за физички лица со цел следење на потребите на клиентите и подобрување на пазарното учество во овој сегмент, како и организирање на кампањи и промотивни материјали;

- Со цел зголемување на прометот во трговијата со картички, како и подобрување на пазарното учество на Банката, во овој сегмент е организирана наградната игра „Комерцијална банка АД Скопје Ве носи на EURO 2008" во соработка со Worldwide;

3. Согласно одредбите од новиот Законот за платен промет кој се применува од 01.01.2008 година, сите уплати и исплати на готови пари, како и преноси на средства од една на друга сметка, се одвиваат преку трансакциски сметки пријавени во единствениот регистар на трансакциски сметки (ЕРТС). Согласно тоа, Банката врши дополнителни активности во работењето со трансакциските сметки за физички лица, што опфаќа нови услуги, едукација и пласмани, како и континуирано комуницирање и склучување нови договори со фирмите за колективна исплата на плати и други примања преку трансакциски сметки;

- подготовки за имплементација на Одлуката за Сметковен план и Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготвување на финансиски извештаи, кои се објавени во „Службен весник на Р. Македонија" број 118 од 2.10.2007 година;
| с-ка 903 - Основачки капитал | 2.232.768 |
| с-ка 904 - Резервен фонд | 2.653.136 |
| Вкупно капитал | 4.885.904 |
| Вкупна пасива (потенцијал) со комисионо | 60.514.505 |
| Вкупна пасива (потенцијал) без комисионо | 60.151.386 |

14.2.3. Учеството на средства од граѓани во пасивата на Банката изнесува 53,1% со состојба од 31.12.2007 година, а со состојба од 30.06.2008 година изнесува 57,6%.

14.2.4. Односот на краткорочни пласмани и краткорочни извори со состојба од 31.12.2007 година изнесува 0,27, а со состојба 30.06.2008 изнесува 0,29.

14.2.5. Агрегатна отворена девизна позиција

Агрегатна отворена девизна позиција со 31.12.2007 изнесува 1.621.011.000 денари (35.8%) од сопствените средства, согласно методологијата на НБРМ, а со 30.06.2008 година изнесува 1.523.867.000 денари, односно 31,8% од сопствените средства на Банката.

14.2.6. Голема кредитна изложеност во однос на сопствените средства.

- Состојба со 31.12.2007 год.

Вкупниот износ на големи кредитни изложености изнесува 25.482.547 илјади денари или 619,45% во однос на сопствени средства на Банката. Податокот е согласно член 72 од Законот за банки „Сл. весник на Р.М." бр. 67/2007, според кој износот на големи кредитни изложености не смее да го надмине осумкратниот износ на сопствени средства на Банката.

- Состојба со 30.06.2008 г.

Вкупниот износ на големи кредитни изложености изнесува 16.835.218 илјади денари или 351,74% во однос на сопствени средства на Банката. Податокот е согласно член 72 од Законот за банки „Сл. весник на Р.М."

бр. 67/2007, според кој износот на големи кредитни изложености не смее да го надмине осумкратниот износ на сопствени средства на Банката.

14.2.7. Капитални вложувања во нефинансиски институции без портфолио за тргување

Состојба 31.12.2007 г.

(во денари)

| | |
|---|---|
| МЗТ - Опрема | 1,730.00 |
| МЗТ- Фоп | 1,210.50 |
| МЗТ- Комерц | 3,639.00 |
| МЗТ- Енергомонтинвест | 3,636.50 |
| МЗТ- Метална | 4,321.00 |
| МЗТ- Монтинг | 4,201.50 |
| РЖ -Скопје | 1,255.00 |
| Чик Куманово | 114,970.00 |
| Слога 2000 | 2,502,200.00 |
| **Вкупно:** | **2,637,163.50** |

Состојба 30.06.2008 г.

(во денари)

| | |
|---|---|
| МЗТ - Опрема | 1,730.00 |
| МЗТ- Фоп | 1,210.50 |
| МЗТ- Комерц | 3,639.00 |
| МЗТ- Енергомонтинвест | 3,636.50 |
| МЗТ- Метална | 4,321.00 |
| МЗТ- Монтинг | 4,201.50 |
| РЖ -Скопје | 1,255.00 |
| Чик Куманово | 114,970.00 |
| Слога 2000 | 2,502,200.00 |
| **Вкупно:** | **2,637,163.50** |

14.2.8 Капитални вложувања во банки, штедилници и други финансиски институции

Состојба 31.12.2007.

(во денари)

| | |
|---|---|
| Конзорциум Вардарска Долина | 1,729,832.50 |
| Осигурување Кјуби Македонија АД | 41,458,025.00 |
| Мастер кард Интернационал | 4,917,090.00 |
| СВИФТ –Белгија | 1,255,857.00 |
| Клириншка куќа КИБС АД Скопје | 10,510,000.00 |
| ЦДХВ Скопје | 5,502,021.00 |
| Друштво за управување со пензиски фондови | 35,519,536.00 |
| Македонска Берза за хартии од вредност | 5,485,877.50 |
| **Вкупно** | **106,378,239.00** |

Состојба 30.06.2008.

(во денари)

| | |
|---|---|
| Осигурување КЈУБИ | 41,458,025.00 |
| Конзорциум Вардарска долина Скопје | 1,730,832.50 |
| Македонска Берза за хартии од вредност | 15,117,111.50 |
| СВИФТ- Белгија | 1,255,292.50 |
| Клириншка куќа Скопје | 10,510,000.00 |
| ЦДХВ Скопје | 5,502,021.00 |
| Друштво за управување со пензиски фондови | 35,519,536.00 |
| Мастер кард Интернешенел | 350,142.00 |
| **Вкупно:** | **111,441,960.50** |

14.2.9. Учеството на основните средства во вкупните сопствени средства на Банката, со состојба 31.12.2007 година, изнесува 39,23% во однос на сопствените средства на Банката, додека истиот податок со состојба 30.06.2008 година изнесува 33,98%.

14.2.10. Учеството на кредитната изложеност во ризични категории В, Г и Д во вкупната кредитна изложеност е 8,3% со состојба од 31.12.2007 година, согласно Одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност на НБРМ.

| | |
|---|---|
| **А** | **85,8%** |
| **Б** | **5,9%** |
| **В** | **3,2%** |
| **Г** | **1,5%** |
| **Д** | **3,6%** |

Учеството на кредитната изложеност во ризични категории В, Г и Д во вкупната кредитна изложеност е 7,1% со состојба од 30.06.2008 година,

согласно Одлуката за утврдување на методологијата за класификација на активните билансни и вонбилансни позиции на банките според степенот на нивната ризичност на НБРМ.

| | |
|---|---|
| **А** | **84.4%** |
| **Б** | **8.5%** |
| **В** | **2.5%** |
| **Г** | **1.2%** |
| **Д** | **3.4%** |

**14.3. Вкупен платен промет спрема странство за последните две години:**

(Во милиони USD)

| | **2006 година** | **2007 година** |
|---|---|---|
| Вкупен платен промет спрема странство | 2.114 | 2.759 |

**14.4. Движење на ликвидноста: покриеност на обврските на Банката со високо ликвидна актива (парични средства и хартии од вредност издадени од НБРМ и од Република Македонија)**

- Покриеноста на обврските со високоликвидна актива со состојба од 31.12.2007 година изнесува 18,48, а со 30.06.2008 изнесува 17,94.

**14.5. Статут на издавачот и основачки акти**

**14.5.1. Предмет на работење на издавачот согласно Статутот:**

- Прибирање депозити и други повратни извори на средства;
- Кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- Кредитирање во странство, вклучувајќи и факторинг и финансирање на комерцијални трансакции;
- Издавање и администрирање на платежни средства (парични картички, чекови, патнички чекови, меници),
- Издавање на електронски пари, доколку е уредено со посебен закон,
- Финансиски лизинг,
- Менувачки работи;
- Платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- Брз трансфер на пари;
- Издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- Изнајмување сефови, остава и депо;
- Тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, чекови, сертификати за депозит);

- Тргување со девизни средства, што вклучува и тргување со благородни метали;
- Тргување со хартии од вредност;
- Тргување со финансиски деривати;
- Управување со средства и портфолио на хартии од вредност по налог и за сметка на клиенти;
- Давање услуги на банка - чувар на имот;
- Купопродажба, гарантирање и пласман на емисија на хартии од вредност;
- Посредување во продажба на полиси за осигурување;
- Посредување во склучување договори за кредити и заеми;
- Обработка и анализа на информации за кредитна способност на правни лица;
- Економско-финансиски консалтинг; и
- Други финансиски активности утврдени со закон што може да ги врши банка.

**14.5.2. Опис на правата, предностите и ограничувањата кои произлегуваат од секоја класа на акции издадени од издавачот:**
Обичните акции се акции кои на сопствениците им даваат право на:
- глас во Собранието на Банката,
- исплата на дел од добивката (дивиденда); и
- исплата на дел од остатокот од ликвидационата, односно стечајната маса на Банката.

Приоритетните акции се акции без право на глас, а со право на:
- дивиденда во висина на каматна стапка од 2 процентни поени над стапката на орочените депозити на 12 месеци и на дел од добивката на Банката, но не повеќе од учеството на имателите на обични акции, согласно Одлуката на Собранието;
- првенство при наплата на дивиденда и при наплата во постапка за стечај; и
- наплата на кумулирани, неплатени дивиденди од претходните години пред наплатување на какви и да било дивиденди на имателите на обични акции.

Вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас не може да биде поголем од 10% од вкупниот номинален износ на вкупните акции на Банката.
Приоритетните акции можат да се конвертираат во обични акции во соодност изразен преку номиналната вредност на начин и услови, согласно Одлука донесена од Собранието на Банката.
За бројот на конвертираните приоритетни акции се зголемува бројот на обичните акции во соодност од претходниот став, со што не се менува износот на почетниот капитал.
Секоја акција која дава право на глас, дава право на еден глас во Собранието на Банката.

**14.5.3.** Кога на Собранието на Банката се одлучува за прашања со кои се менува или ограничува кое било право врзано за некој род на акции и за

случаите утврдени со закон, одлуката се смета за полноважна ако акционерите кои го претставуваат соодветниот род на акции дадат согласност со донесување на одлука. Оваа одлука, во зависност од точките на дневен ред на Собранието, по оценка на органот што го свикува Собранието, може да се донесе на истото Собрание со одвоено гласање на овие акционери, или, пак, на посебно собрание. Одлуката се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од акциите претставени на Собранието.

**14.5.4. Опис на условите за свикување годишно собрание и вонредно собрание на акционери, вклучувајќи и податоци за начинот на кој акционерите го пријавуваат своето учество.**

Акционерите на Банката своите права и интереси во Банката ги остваруваат на Собранието на Банката. Собранието на Банката го сочинуваат сите акционери. Секој акционер може да овласти полномошник на Собранието со писмено полномошно заверено на нотар, согласно Законот за трговски друштва.

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, ако со Закон не е поинаку определено.

Барање за свикување на седница на Собрание можат да поднесат акционерите кои имаат најмалку 1/10 од акциите со право на глас. Во барањето се наведуваат целта и причините за свикување на Собранието, прашањата за кои ќе се одлучува и податоците за акционерите. Акционерите кон барањето доставуваат и извод од сметките за хартии од вредност во којшто е наведен бројот на акциите со право на глас.

Управниот одбор, врз основа на мислење на Надзорниот одбор, е должен по барањето на акционерите да се произнесе во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето, односно донесува одлука со која го прифаќа, односно одбива барањето, наведувајќи ги и причините поради што е така одлучено. По исклучок, доколку во утврдениот рок не се обезбеди мислење од Надзорниот одбор, по барањето на акционерите одлучува Управниот одбор.

Ако по барање на акционерите кои имаат мнозинство од сите акции со право на глас Управниот одбор не свика Собрание во рок од 24 часа од денот на поднесување на барањето, акционерите ги остваруваат своите права согласно Законот за трговски друштва.

Собранието се свикува со праќање покана до акционерите на начин кој овозможува потврда дека поканата е примена од акционерот или со објавување на повик до акционерите кој се објавува најмалку во еден дневен весник.

Начинот на свикување на Собрание се определува со Одлуката за свикување на Собранието.

Поканата, односно повикот за учество на Собранието на Банката содржи:

- фирма и седиштe на Банката;
- место и датум на одржување на Собранието;
- други процедурални формалности од значење за присуство на Собранието и за начинот на гласање;

- дневен ред по кој ќе работи Собранието;
- начин на којшто се достапни материјалите по точките од дневниот ред;
- можност за именување на полномошник на акционерот и начинот на неговото именување; и
- други информации во зависност од ставените точки на дневниот ред.

Рокот кој тече од денот на испраќање на поканата, односно објавување на повикот за учество на Собранието, до денот на одржување, не може да биде покус од 21 ден ниту подолг од 50 дена.

### 14.5.5. Зголемување на почетниот капитал на Банката:

Согласно Законот за трговски друштва, зголемувањето на почетниот капитал се врши:
- со влогови;
- со условно зголемување;
- со одобрен капитал; и
- со средства на Банката.

Зголемувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Банката, со согласност на двата рода на акции.
Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од двата рода на акциите претставени на Собранието.

Намалување на почетниот капитал на Банката се врши преку:
- намалување на номиналниот износ на акциите;
- спојување на акции; и
- повлекување на сопствени и други акции.

Намалувањето на почетниот капитал се врши со Одлука што ја донесува Собранието на Банката со согласност на двата рода на акции.
Одлуката за согласност се донесува со мнозинство не помало од 2/3 од двата рода на акциите претставени на Собранието.

## 15. Договори од суштинско значење за работењето на издавачот

Не постои договор, надвор од секојдневното работење на издавачот, кој е од суштинско значење за работењето на издавачот, а во кој како договорна страна се јавува издавачот.

## 16. Информации добиени од трети лица и извештаи од експерти и изјава за било каков интерес

Во проспектот не е вклучен извештај од трето лице-експерт.

## 17. Податоци за понудата на хартии од вредност

### 17.1. Причини за понудата и намена на средствата што ќе се приберат со понудата

Една од главните определби на Банката претставува зголемувањето на капиталот преку одржување на стапка на исплата на дивиденда од околу 40%, со што значителен дел од добивката би останал во резервите и би влијаел на зголемување на капиталот. Сепак, забрзаниот раст на банкарскиот пазар во Република Македонија и плановите на Банката да се следи таа динамика, не може да се поддржат исклучиво со овој начин на зголемување на капиталот.

Новата емисија не претставува нужност која произлегува од немањето доволно извори на средства за остварување на активностите на Банката, ниту проблем со нејзината ликвидност.

Постојат одредени ограничувачки фактори кои, доколку не се изврши дополнителна капитализација на Банката, ќе го ограничат нејзиниот понатамошен раст и развој.

Најзначаен фактор за кој не може да се каже дека е само регулаторно прашање туку и прашање на прудентно управување со ризиците во комбинација со динамички раст на активностите, е капиталот потребен при зададено ниво на ризик, претставен преку стапката на адекватност на капиталот.

Со 31.12.2007 година Банката оствари адекватност на капиталот од 10,5%, без вклучување на дел на добивката за 2007 година (со нејзино вклучување стапката изнесува 11,38% на 31.03.2008 година), со што е во рамките на законски предвидениот минимум од 8%, но под 12% што е препорачана стапка од страна на НБРМ.

Во поглед на висината на адекватноста на капиталот, постојат два значајни момента кои треба да се истакнат:

- иако законски пропишаната стапка на адекватност на капиталот изнесува минимум 8%, согласно Законот за банки, гувернерот може да пропише повисока стапка на адекватност на капиталот доколку тоа е потребно поради природата, видот и обемот на активностите што ги врши банката и ризиците на кои е изложена како резултат на тие активности; и
- при спроведување на редовна теренска контрола од страна на Дирекцијата за супервизија при НБРМ реализирана кон крајот на 2007 година, до менаџментот на Банката е дадена препорака за нејзина докапитализација.

Во плановите на менаџментот за понатамошен раст на Банката, како и предложениот план за 2008 година, е калкулирано со:

- пораст на кредитите помеѓу 25 -30%;
- пораст на вонбилансни активности до 30%;
- понатамошно пренасочување на нискокаматната актива во висококаматна актива;

- вложување во останати финансиски правни лица (доброволен пензиски фонд, друштво за управување со инвестициски фондови и слично);
- зголемување на одредени некаматоносни вложувања кои имаат особено значење за осовременување на работењето (софтверски лиценци, компјутерска и друга опрема и слично);
- развој на електронско банкарство и картично работење;
- одржување на отворена девизна позиција која генерира нето позитивни курсни разлики.

Секое пролонгирање на моментот на новата емисија би ја успорило динамиката на раст на Банката и потенцијално би можело да го загрози нејзиното пазарно учество.

Од тие причини, при стапки на раст на најзначајните параметри кои влијаат на исполнувањето на супервизорските стандарди, е оценето дека оптимално ниво на новата емисија изнесува 3.068 милиони денари.

Со ова би се постигнало подобрување во исполнувањето на супервизорските стандарди, би се овозможил раст во наредните неколку години, би се зголемила книговодствената цена по акција и би се остварувало понатамошно зголемување на добивката, иако во првата година е можно мало намалување на квантитативните показатели ROE и ROA.

Овој износ ќе придонесе за зголемување на сопствените средства на Банката, во смисла на пресметковна категорија која се вклучува во пресметката на исполнувањето на супервизорските стандарди, така што би дошло до зголемување на:

- адекватноста на капиталот на околу 15% (симулација врз основа на проекција за 31.12.2008), што остава простор за континуиран раст на активностите на Банката и во 2009 и 2010 година, при слични услови и регулатива;
- зголемување на поединечната кредитна изложеност (максимум 25%) како поддршка на поединечни бонитентни кредитокорисници и нивните поврзани субјекти, така што истата од 1.028 милиони денари би се зголемила на 1.954 милиони денари;
- агрегатна отворена девизна позиција која би се зголемила за околу 1.200 милиони денари, што претставува адекватен дел од новата емисија;
- големата кредитна изложеност како вкупен износ на сите големи кредитни изложености, а која е законски лимитирана на осумкратен износ на сопствени средства.

Во поглед на билансните позиции би се овозможило остварување на планот за 2008 година за:

- остварување на бруто-добивка од 1.370 милиони денари, што претставува зголемување за 28%;
- зголемување на нето каматните приходи за 17%;
- зголемување на книговодствената вредност по акција околу 32% до 35%.

## 17.2 Општи податоци за хартиите од вредност

### 17.2.1. Број и датум на актот за издавање на сопственички хартии од вредност

Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции број 02-1610-12888 од 25.03.2008 година, Одлуката за одредување на бројот на акции и цената на акциите од V-та емисија издадени од Комерцијална банка АД Скопје, број 02-1610-26793 од 26.06.2008 година и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции број 02-1610-37209 од 24.09.2008 година

17.2.2. Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Банката со V-та емисија на акции број 02-1600-12888 беше прифатена и одобрена од Собранието на акционери на 25.03.2008 година, Одлуката за одредување на бројот на акции и цената на акциите од V-та емисија беше донесена од Надзорниот Одбор на 26.06.2008 година, а Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции беше донесена од Надзорниот Одбор на 24.09.2008 година.
Со Известување бр. 10-200-16329 од 23.04.2008 година е известена Народната банка на Република Македонија за донесената Одлука за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции, во согласност со член 61 од Законот за банки, од делот за согласности и известување.
Во услови на успешно завршување на јавната понуда, односно по запишувањето на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, Банката ќе изврши усогласување на Статутот на Банката, за што ќе се обрати за согласност до Народната банка на Република Македонија, во согласност со член 57 од Законот за банки.

17.2.3. Со V-та емисија на акции се издаваат 471.000 акции по номинална вредност од 1.000,00 денари по акција, односно вкупна номинална вредност од 471.000.000,00 денари.

17.2.4. Хартиите од вредност се издаваат врз основа на Законот за хартии од вредност, Законот за Банки и Законот за трговски друштва.

17.2.5. Хартиите од вредност ќе се регистрираат во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, со седиште на ул. „Кузман Јософовски Питу“ број 1, 1000 Скопје, Р.Македонија.

17.2.6. Во рок од 8 дена од успешното завршување на V-та емисија на акции, Банката ќе го пријави за упис зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар. На сите инвеститори кои успешно запишале и уплатиле обични акции од V-тата емисија предмет на јавната понуда, во рок од 3 работни дена од денот на запишување на

зголемувањето на основната главнина во трговскиот регистар, ќе се изврши распределба на акциите на нивните сметки во Централниот депозитар за хартии од вредност ад Скопје.

17.2.7. **Податоци за оданочувањето на приходите од акции**

***За домашни правни лица***
Според член 4 од *Законот за Данок од добивка*, Обврзник на данок од добивка е правно лице (субјект) – резидент на Република Македонија, кое остварува добивка од вршење на дејност во земјата и во странство. Основа за пресметување на данок од добивка (член 8 од *ЗДД*) е добивката која се утврдува во даночниот биланс и која претставува разлика меѓу вкупните приходи и расходи на даночниот обврзник во износи утврдени согласно со прописите за сметководството и сметководствените стандарди, освен приходите и расходите за кои со овој закон е пропишан друг начин на утврдување.
Приходите од дивиденди остварени со учество во капиталот на друг обврзник – резидент на Р. Македонија, не се вклучуваат во даночната основа, под услов да се оданочени кај обврзникот кој врши исплата според општата стапка од член 28 на Законот.
Стапката на данок од добивка изнесува 10%. (член 28 од *ЗДД*).

***За странски правни лица***
Согласно член 29-б точка 1 од *Законот за данок на добивка* и член 5-б од *Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување,* задржувањето на данок се применува на приход од дивиденди.
Стапката на данок на приход на странско правно лице од дивиденди изнесува 10%. Ако Република Македонија со државата чиј резидент е странското правно лице, има потпишано договор за одбегнување на двојно оданочување, можат да се применуваат условите од договорот на начин пропишан во член 5-в од *Правилникот за изменување и дополнување на правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот од добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување*.

***За физички (домашни и странски) лица***
Според член 7до 9 од *Законот за персонален данок на доход,* Обврзник на данок на доход е секое физичко лице - резидент на Република Македонија за доходот што го остварува во земјата и во странство и нерезидент на Република Македонија за доходот остварен на територијата на Републиката.
Според член 12 од *ЗПДД*, Данокот на доход се плаќа по стапка од 10%. Приходите од дивиденди остварени со учество во добивката кај правните лица, влегуваат во приходи од капитал (член 47 од *ЗПДД*), а основа за пресметување на данокот на дивиденда претставува бруто дивидендата, односно приходите од учество во добивката распределена на обврзникот. (член 49 од *ЗПДД*).

### 17.3. Податоци за сопственичките хартии од вредност

17.3.1. Се издаваат обични акции со ИСИН број MKKMBS101019.

17.3.2. Акциите кои се издаваат имаат:
- право на дивиденда;
- право на глас во сооднос 1 акција : 1 глас; и
- право на учество во стечајната, односно ликвидационата маса на издавачот.

17.3.3. Хартиите од вредност се со право на преносливост.

17.3.4. До објавувањето на овој проспект не постои ниту едно правно или физичко лице кое и во случај на целосна релизација, т.е. откуп на оваа јавна емисија, би ги исполнило условите за давање на јавна понуда за откуп, согласно постоечките законски прописи.

17.3.5. Во текот на 2007 и 2008 година, до објавувањето на овој проспект, не е дадена понуда за преземање на Банката.

17.3.6. Разводнување (износот и процентот на разводнување на заработувачката по акција како резултат на понудата).
Согласно Програмата на мерки и активности на деловната политика и финасискиот план на Банката за 2008 година, проектираната бруто добивка изнесува 1.370 милиони денари. Под претпоставка јавната понуда да не биде завршена до крајот на 2008 година, новата емисија нема да има разводнувачки ефект врз заработувачката по акција за 2008 година, односно заработувачката по акција ќе изнесува 680,22 денари.
Во случај на запишување на сите акции од новата емисија веднаш по објавувањето на јавната понуда за запишување, односно доколку бројот на акции се зголеми за новата емисија во последниот квартал од 2008 година, очекуваната заработувачка по акција, со вклучување на ефектите од разводнување поради зголемен број на акции, би изнесувала 642,64 денари. Со разводнувањето, заработувачката по акција се намалува за 37,68 денари, односно 5,52%.

## 18. Рокови и услови на понудата

### 18.1. Цена на хартиите од вредност

18.1.1. Цената по која хартиите од вредност ќе бидат понудени изнесува **6.515,00 денари по акција**.

18.1.2. Трошоци, односно провизии кои паѓаат на товар на запишувачот (купувачот)

Нема никакви дополнителни трошоци, односно провизии при запишувањето кои паѓаат на товар на запишувачот (купувачот).

## 18.2. Услови, рокови и потребни дејствија за запишување и уплата на хартии од вредност што се предмет на понудата

18.2.1 Вкупната вредност на понудата на хартиите од вредност изнесува 3.068.565.000,00 денари.

18.2.2. Согласно Законот за хартии од вредност, постапката за запишување на акциите ќе биде отворена 14 календарски дена од објавувањето на поканата за запишување и уплата на акциите, односно на 18.10.2008 година.
Датумот на започнување на рокот за запишување и уплата на акциите е 14 календарски дена по објавата на поканата за запишување и уплата на акците, односно на 03.11.2008 година.
Датумот на завршување на рокот за запишување и уплата на акциите е 12 месеци од објавата на поканата за запишување и уплата на акциите, односно на 18.10.2009 година.
При запишувањето на акциите предмет на јавната понуда, ќе се применува временскиот принцип објаснет со Правилата за постапување при примена на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции, донесени на Надзорниот одбор на Банката со број 02-1610-37209/1 на 24.09.2008 година, кои се составен дел на Проспектот.
Банката ќе ја објави Поканата за запишување и уплата на хартии од вредност на македонски јазик во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.
Банката ќе ги објави Проспектот и Поканата за запишување и уплата на хартиите од вредност на интернет страницата на Македонската Берза АД Скопје, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на хартиите од вредност.
Проспектот се става на располагање на сите заинтересирани лица во просториите на Комерцијална банка АД Скопје, кеј „Димитар Влахов“ број 4, 1000 Скопје, во канцеларија 217, втор кат, стар дел.
Запишувањето на обични акции ќе се врши во просториите на Комерцијална банка АД Скопје, кеј „Димитар Влахов“ број 4, 1000 Скопје, во канцеларија 217, втор кат, стар дел.
Лицето кое запишува акции, односно неговиот полномошник задолжително пополнува и потпишува писмена изјава (Уписница).
Плаќањето на акциите ќе се врши во денари на посебната жиро-сметка на Комерцијална банка АД Скопје 300-000000000-133, со повикување на број 25499203. Уплатата се врши наеднаш.
За време на запишувањето, сите уплати од купувачите за понудените хартии од вредност се чуваат на посебна сметка во Банката, која не може да биде користена од страна на издавачот сè додека јавната понуда не биде успешно завршена.

Средствата што еден инвеститор ги уплаќа за време на запишувањето на хартиите од вредност не се сметаат за дел од стечајната маса, во случај на стечај на издавачот пред успешното завршување на понудата
Доколку, пред истекот на рокот се запишат и уплатат 100% од понудените акции со V-та емисија, Банката ќе ја прекине постапката и преку соопштение за успешно реализирана емисија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

.

18.2.3. Јавната понуда ќе се смета за успешна доколку се запишат и уплатат најмалку 60% од понудените акции со V-та емисија;

18.2.4. По завршување на предвидениот рок од 12 месеци од денот на објавување на јавниот повик за запишување и уплата на акции, истиот се затвора. Доколку, целиот износ на акции е уплатен и запишан пред истекот на 12 месеци од денот на објавување на јавниот повик за запишување и уплата на акции, Банката ја затвора постапката на јавна понуда.

18.2.5. Јавната понуда ќе се прогласи за неуспешна доколку во предвидениот рок не се запишат и уплатат 60% од акциите што се предмет на јавната понуда. Доколку јавната понуда не успее, уплатените средства ќе се вратат во рок од 3 дена со депозитна камата (просечната каматна стапка која ја плаќаат деловните банки во Република Македонија на денарските депозити на физички лица, орочени на период од една година).

18.2.6. Постапка за распределба на хартиите од вредност во случај да бидат запишани и/или уплатени повеќе хартии од вредност од понудените.
Распределбата на акциите на запишувачите на акции, Банката ќе го врши по хронолошки редослед, односно според датумот, часот и минутата на уплата на средствата, согласно Правилата за постапување при примена на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции, донесени на Надзорниот одбор на Банката со број 02-1610-37209/1 на 24.09.2008 година.
Заради обезбедување на рамноправен третман и можност сите заинтересирани субјекти да запишат акции во јавната понуда, доколку два или повеќе купувачи на акции уплатат средства **во првите 7 дена** од почетокот на постапката за запишување и уплата и со нивните уплати се надминува вкупниот износ на понудени акции за продажба, распределбата на акциите помеѓу овие купувачи ќе се врши во зависност од поединечното процентуално учество на уплатата на секој од уплатувачите во вкупно уплатените средства во овој временски интервал. На секој уплатувач кој според процентуалното учество во вкупните уплати се стекнал со право на нецел број на акции, бројот на доделени акции ќе се заокружи на повисокиот број доколку нецелиот дел е поголем од 0,5, односно на помалиот број доколку нецелиот број е

помал или еднаков на 0,5. Во случај кога, како резултат на примена на правилото на заокружување, дојде до запишување на повеќе акции од понудените, разликата ќе биде распределена од акциите на запишувачот со најголем број запишани акции.
По истекот на временскиот интервал од 7 дена од почетокот на постапката за запишување и уплата, доколку според времето на уплата се уплатени средства за запишани акции со кои еден дел од уплатените средства, врз основа на примената на предходниот став, го надминува вкупниот износ на акциите предмет на продажба, на запишувачот му се распределува дел од запишаните акции до износ со кој се достигнува вкупниот износ на акции предмет на продажба.
Оние лица кои уплатиле средства за запишување на акции по истекот на временскиот интервал од 7 дена од почетокот на постапката за запишување и уплата, но врз основа на примената на хронолошкиот редослед веќе е уплатен целиот износ на акции предмет на продажбата, не учествуваат во распределбата на понудените акции.
По истекот на временскиот интервал од 7 дена од почетокот на постапката за запишување и уплата, доколку два или повеќе купувачи на акции уплатат средства во исто време (датумот, часот и минутата се исти) и со нивните уплати се надминува вкупниот износ на понудени акции за продажба, распределбата на акциите помеѓу овие купувачи ќе се врши во зависност од поединечното процентуално учество на уплатата на секој од уплатувачите во вкупно уплатените средства во истиот временски момент. На секој уплатувач кој според процентуалното учество во вкупните уплати се стекнал со право на нецел број на акции, бројот на доделени акции ќе се заокружи на повисокиот број доколку нецелиот дел е поголем од 0,5, односно на помалиот број доколку нецелиот број е помал или еднаков на 0,5. Во случај кога, како резултат на примена на правилото на заокружување, дојде до запишување на повеќе акции од понудените, разликата ќе биде распределена од акциите на запишувачот со најголем број запишани акции.

18.2.7. Во актот не е предвидено хартиите од вредност да се продаваат во лотови.

18.2.8. Плаќањето на акциите ќе се врши во денари на посебната жиро-сметка на Комерцијална банка АД Скопје 300-000000000-133 со повикување на број 25499203. Уплатата се врши наеднаш.

18.2.9. Акциите кои се предмет на јавната понуда, по запишување на сметките на запишувачите во Централниот депозитар за хартии од вредност, се трансферибилни и ги носат сите права наведени во точка 17.3.2. во овој проспект.

18.2.10. Доколку вкупниот износ на понудените обични акции од V-тата емисија по пат на јавна понуда, се уплати и запише пред истекот на 12 месеци од денот на започнување на запишувањето и уплатата на акциите од V-та емисија предвидено со Проспектот, Банката во рок од 15 дена од денот на завршување на јавната понуда ќе објави во еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија и

на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје, дека понудените акции од V-тата емисија по пат на јавна понуда се во целост уплатени пред предвидениот рок од 12 месеци и дека постапката по јавната понуда за продажба на сопствените акции се затвора.
Доколку по истекот на 12 месеци од денот на започнување на запишувањето и уплатата на акциите од V-та емисија предвиден со Проспектот не се запишат сите понудени акции, Банката во рок од 15 дена од денот на завршување на јавната понуда ќе го објави бројот на запишани и уплатени акции, односно процентот на реализација на емисијата. Известувањето за исходот на јавната понуда ќе биде објавен во еден дневен весник кој излегува на територијата на Република Македонија и на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност АД Скопје.

18.2.11. Јавната понуда не е поделена во транши.

18.2.12. Дали има намера некој постојан акционер да запише повеќе од 5% од јавната понуда?

До моментот на објавување на Проспектот, Банката нема информации дека некој постојан акционер има намера да запише повеќе од 5% од јавната понуда.

18.2.13. Сите лица кои запишале и уплатиле хартии од вредност ќе бидат официјално известени по писмен пат за износот на акции кој им следува, во рок од 7 дена, од страна на Комерцијална банка АД Скопје

**18.3. Пласман на хартиите од вредност**

18.3.1. Увид во сите наоди за веродостојноста на податоците за V-тата емисија на акции по пат на јавна понуда и запишувањето на хартиите од вредност се врши во просториите на Комерцијална банка АД Скопје, кеј „Димитар Влахов“ број 4, 1000 Скопје, во канцеларија 217, втор кат, стар дел. Контакт телефони: 02 3107 291 и 02 3220 980.

18.3.2. Комерцијална банка АД Скопје нема склучено договор со ниедно овластено правно лице за вршење услуги, трансакции и активности поврзани со оваа јавна понуда на хартии од вредност.

**19. Прием на котација**

Комерцијална банка АД Скопје ќе побара прием на котација на хартиите од вредност на овластената берза по успешното завршување на јавната понуда.

## 20. Податоци за гарант

Проспектот се однесува на сопственичка емисија на хартии од вредност, во која издавачот се јавува како единствен исполнувач на обврските од хартиите од вредност.

## 21. Документи на располагање

### 21.1. Изјава за достапност на документите

Изјавуваме дека за време на важноста на овој Проспект следниве документи, односно копии од истите, ќе бидат на увид во просториите на Комерцијална банка АД Скопје (канцеларија 217, втор кат, стар дел).

а. Статутот на издавачот;

б. Правила за постапување при примена на Одлуката за зголемување на почетниот капитал на Комерцијална банка АД Скопје со V-та емисија на акции; и

в. Ревидирани финансиски извештаи со мислење на независен ревизор за последните три години.

### 21.2. Податок за местото каде може да се изврши увид во документите

Увид во документите може да се изврши во просториите на Комерцијална Банка АД Скопје, кеј „Димитар Влахов“ број 4, 1000 Скопје (канцеларија 217, втор кат, стар дел), тел. + 389 2 3107-291.

**Членови на Управниот одбор на Комерцијална Банка АД Скопје:**

Маја Стевкова Штериева – Главен финансов директор

Илија Илоски – Главен оперативен директор

Хари Костов – Главен извршен директор

**Членови на Надзорниот одбор на Комерцијална Банка АД Скопје:**

Сава Димитрова

Таки Фити

Алеко Ангеловски

Симон Наумоски

Звоне Таљат

Мајкл Херолд Тејлор